# З А К О Н
# ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА
## Редакциски пречистен текст [1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Основните лични податоци за граѓаните се водат во: матична книга на родените, матична книга на венчаните и матична книга на умрените.

Матичните книги и изводите и уверенијата што се издаваат врз основа на матичните книги се јавни исправи.

### Член 1-а

Одредени поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Извод од матична книга" – претставува јавна исправа која се издава на пропишан образец врз основа на податоците од матичните книги.

2. „Препис" – претставува рачно препишан образец од соодветниот упис од матичните книги и истиот е заверен со печат и потпис од надлежно службено лице, на образец кој соодветствува со рубриките во матичната книга.

3. „Копија" – претставува верна копија на оригиналниот упис од матичната книга, заверена со печат и потпис од надлежно службено лице, на образец кој соодветствува со рубриките во матичната книга кој се издава во пишана и електронска форма.

4. „Уверение" – претставува јавна исправа која се издава врз основа на податоците од матичните книги, за поединечни или целосни факти запишани во истите.

5. „Решение" – претставува конкретен управен акт донесен во управна постапка, со кој органот решава за работи од делокругот на матичното работење.

### Член 2

Заради водење на матичните книги се основа Управа за водење на матичните книги (во натамошниот текст: Управата), како орган во состав на Министерството за дигитална трансформација.

Управата од ставот 1 на овој член има својство на правно лице.

---

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за матичната евиденција, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.8/95, Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РМ" бр.38/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РМ" бр.66/07, Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РМ" бр.98/08, Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РМ" бр.67/09, Законот за дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РМ" бр.13/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РМ" бр.43/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РМ" бр.148/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РМ" бр.27/16,Законот за изменување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РМ" бр.64/18, Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.14/20, Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.129/23, Одлуката на Уставниот суд У.бр.92/23 објавена во Службен весник на РМ" бр.83/24 и Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.255/24, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

**Член 2-а**

Со Управата раководи директор, кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија по предлог на министерот за дигитална трансформација.

За именување на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Директорот се именува за време од четири години.

За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

1-а) активно го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет;

4) има минимум пет години работно искуство во областа на управните работи;

5)[2] поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2);

6) поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Член 2-б**

Директорот на Управата е должен да изготви Годишен план за работа за наредната година и најдоцна до 1 декември во тековната година да го достави на одобрување до министерот за дигитална трансформација.

Годишниот план за работа од ставот 1 на овој член содржи:

- Програма на планирани активности за наредната година што треба да биде во согласност со стратегиите и стратешките цели на Владата на Република Северна Македонија,
- Финансиски план за наредната година, кој содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Управата за наредната година, групирани по структура и по организациска структура на Управата, како и предвидените капитални инвестиции на Управата за наредната година.

Директорот доставува полугодишен извештај за реализација на Годишниот план за работа, најдоцна до 31 јули за периодот јануари - јуни во тековната година и годишен извештај за работа најдоцна до 31 јануари за претходната година до министерот за дигитална трансформација на одобрување.

---

[2] Одредбите од членот 2-а став (4) точка 5) од Законот за матичната евиденција, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, види: член 2 од Законот за изменување на Законот за матичната евиденција (“Службен весник на РМ” бр.64/18)

Извештаите од ставот 3 на овој член, особено содржат:

- Извештај за реализацијата на активностите утврдени во Годишниот план за работата на Управата за претходната година,
- Финансиски извештај за реализацијата на финансискиот план за претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година, групирани по структура и по организациска структура на Управата,
- Ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и став на Управата по однос на резултатите од извршената ревизија.

Годишниот план за работа на Управата за наредната година може во текот на годината да се измени најмногу еднаш, по постапка предвидена за неговото донесување, а барањето за измена и изменетиот план се доставува заедно со извештаите од ставот 3 на овој член.

Годишниот план за работа од ставот 1 на овој член и извештаите од ставот 3 на овој член, се објавуваат на веб-страницата на Управата во рок од 10 дена од денот на нивното одобрување.

**Член 3**

Матичните книги се водат одделно за секое населено место, според матични подрачја што ги определува Управата и од овластен работник (во натамошниот текст: матичар).

По исклучок, матичната книга на венчаните се води за населени места определени за склучување на брак.

Матичните книги од ставот 1 на овој член се водат рачно и во електронска форма.

**Член 3-а**

Матичните книги се водат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Во подрачјата на единиците на локалната самоуправа во кои најмалку 20 % од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, образецот на матичните книги се печати и податоците во него се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

Изводите што се издаваат врз основа на матичните книги од став 2 на овој член се издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

**Членот 3–б е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, ("Службен весник на РМ" бр.67/09).**

II. МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИТЕ

**Член 4**

Во матичната книга на родените се запишуваат:

1) податоци за раѓањето на детето, и тоа: име и презиме; пол на детето; час, ден, месец, година и место на раѓањето на детето; државјанството и матичен број;

2) податоци за родителите на детето, и тоа: име и презиме (за мајката и моминското презиме); ден, месец, година и место на раѓањето; државјанство; матичен број; живеалиште и адреса на станот;

3) признавање на татковство, утврдување на татковство или мајчинство, позаконување; посвојување и престанок на посвојувањето; старателство и престанок на старателството; склучување, престанување или поништување на бракот; промена на личното име на родителот, односно посвоителот; промена на државјанството на детето; смрт или прогласување на исчезнатото лице за умрено.

**Член 4-а**

Секое дете родено на територијата на Република Северна Македонија има право на упис во матична книга на родени веднаш, а најдоцна 45 дена од денот на раѓањето на детето, независно од државјанството и личниот статус на неговите родители.

**Член 5**

Надлежниот орган кој ја донел одлуката во врска со запишувањето на податоците од членот 4 став 1 точка 3 на овој закон должен е да ја достави на матичарот од матичното подрачје за кое се води матичната книга, во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката.

**Член 6**

Раѓањето на дете се пријавува писмено или усно на записник на матичарот од матичното подрачје на кое се родило детето, во рок од 30 дена од денот на раѓањето.

Раѓањето на дете во сообраќајно средство се пријавува на матичарот во матичното подрачје во кое завршило патувањето на мајката.

Ако детето е родено мртво се пријавува во рок од 24 часа од раѓањето.

**Член 7**

Здравствената установа е должна да го пријави раѓањето на детето во здравствената установа.

За дете кое не е родено во здравствената установа пријавувањето го врши таткото на детето, односно лицата во чиј стан детето е родено, мајката штом ќе биде способна за тоа или здравствениот работник кој учествувал при породувањето. Ако ги нема наведените лица или не се во можност да пријават, раѓањето на детето може да го пријави лицето кое дознало за тоа.

**Член 8**

Дете чии родители се непознати или се со непознато државјанство или се без државјанство се запишува во матичната книга на родените во местото каде што е родено, односно најдено детето.

Запишувањето се врши врз основа на решение од надлежниот орган за старателство, кое содржи: лично име и пол на детето; час, ден, месец, година и место на раѓањето на детето според местото каде што детето е најдено.

**Член 9**

Пријавувањето на личното име на детето за запишување во матичната книга на родените, се врши во рок од 30 дена од денот на раѓањето на детето.

Личното име на детето му го одредуваат родителите спогодбено.

Доколку родителите не му одредат лично име на детето во законскиот рок, личното име на детето му го одредува старател поставен од надлежниот центар за социјална работа.

**Член 10**

Матичната книга на родените се води во два примероци. Вториот примерок е препис или заверена копија на првиот примерок.

## III. МАТИЧНА КНИГА НА ВЕНЧАНИТЕ

**Член 11**

Во матичната книга на венчаните се запишуваат:

1) податоци за склучување на бракот, и тоа: име и презиме на брачните другари; ден, месец, година и место на раѓањето; матичниот број; државјанството, живеалиштето и адресата на станот на брачните другари; ден, месец, година и место на склучување на бракот и изјави на брачните другари за нивното презиме;

2) име и презиме на родителите на брачните другари; име и презиме и живеалиште на сведоците при склучувањето на бракот, име и презиме на службеното лице пред кое е склучен бракот и име и презиме на матичарот;

3) поништување на бракот или престанување на бракот;

4) име и презиме и живеалиште на полномошникот ако при склучувањето на бракот едниот другар го застапувал полномошник и

5) промени на името и презимето на брачните другари.

**Член 12**

Надлежниот орган кој ја донел одлуката за престанување, поништување на бракот или развод на брак должен е да ја достави до матичарот според матичното подрачје за кое се води матичната книга на венчаните во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката.

## IV. МАТИЧНА КНИГА НА УМРЕНИТЕ

**Член 13**

Во матичната книга на умрените се запишуваат:

1) податоци за смртта, и тоа: име и презиме на умрениот; неговото презиме пред склучувањето на бракот; полот; час, ден, месец, година и место на смртта; ден, месец, година и место на раѓањето, брачната состојба пред смртта; државјанството, живеалиштето и адресата на станот;

2) име и презиме на брачниот другар и неговото презиме пред склучувањето на бракот; ако умрениот бил во брак, име и презиме на родителите на умрениот; име и презиме и живеалиште на лицето кое ја пријавило смртта, односно назив на установата која ја пријавила смртта и

3) прогласување на исчезнато лице за умрено и податокот за смртта што е докажан во судската постапка.

**Член 14**

Смрт на лице се пријавува писмено или усно на записник на матичарот од матичното подрачје на кое настапила смртта, односно каде што е пронајден умрениот, најдоцна во рок од три дена од денот на смртта, односно пронаоѓањето на умрениот.

Смрт на лице која настапила во сообраќајно средство или во сообраќајна несреќа се пријавува на матичарот од матичното подрачје каде што се закопува умрениот. Ако умрениот се закопува во странство смртта се пријавува на матичарот од матичното подрачје каде што настапила смртта, а ако местото не е познато, на матичарот од матичното подрачје каде што е најден умрениот.

**Член 15**

Смртта на лице должни се да ја пријават членовите на семејството со кои живеел умрениот. Ако умрениот немал семејство или семејството не е во можност да ја пријави смртта, обврската за пријавување се однесува на лицата со кои живеел умрениот или членовите на поширокото семејство кои дознале за смртта, односно лицата во чиј стан настапила смртта. Ако ги нема ни овие лица, смртта ја пријавува лицето кое прво дознало за неа.

За лицето кое умрело во здравствена установа, воена единица на Армијата на Републиката или казнено–поправна установа, пријавувањето го врши здравствената установа, единицата, односно установата во која лицето умрело.

**Член 16**

При пријавувањето на смрт се поднесува потврда за смртта издадена од здравствената установа.

Ако за смртта не е издадена потврда од ставот 1 на овој член пред матичарот со изјава смртта ја потврдуваат двајца сведоци.

Без потврда за смрт или изјави од сведоци матичарот не смее да ја запише смртта во матичните книги.

**Член 17**

Смртта на лице чиј труп е најден матичарот ја запишува во матичните книги врз основа на записникот за наоѓање на трупот, што го доставува органот кој го извршил увидот.

**Член 18**

Закоп на умрено лице може да се изврши и пред пријавување на смртта на матичарот врз основа на дозвола за закоп издадена од претпријатие чија дејност е вршење погребни услуги.

Претпријатието од ставот 1 на овој член доставува примерок од дозволата за закоп на матичарот од соодветното матично подрачје во рок од три дена од денот на издавањето.

**Член 19**

Прогласувањето на исчезнато лице за умрено и смртта докажана во судска постапка се запишуваат во матичната книга на умрените врз основа на правосилна судска одлука. Надлежниот суд ја доставува одлуката во рок од 15 дена од правосилноста, на матичарот од матичното подрачје во кое умрениот имал живеалиште.

Ако живеалиштето на умрениот е непознато или е во странство, одлуката од ставот 1 на овој член судот ја доставува на матичарот на матичното подрачје според местото на раѓање на умрениот, а ако местото на раѓање е во странство, на матичарот од матичното подрачје на кое е седиштето на судот што ја донел одлуката.

## V. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### Член 20

Матичарот ги запишува во матичните книги само оние податоци што му се пријавени, односно што ги содржи актот од надлежниот орган.

### Член 21

Запишувањето на податоците во матичната книга се врши без одлагање.

Ако постои основано сомневање дека одделни податоци што се запишуваат во матичната книга се неточни, матичарот е должен пред запишувањето, да ја провери точноста на тие податоци.

### Член 22

1) Ако раѓање или смрт се пријави по истекот на 45 дена од денот на настанот, запишувањето во матичната книга се врши само врз основа на решение.

2) До заклучувањето на запишувањето во матичните книги исправка на грешките врши матичарот, а по нивното заклучување исправка се врши само врз основа на решение.

3) Во матичната книга на родените која се води за населено место Скопје за 2010 година во уписот на децата родени во здравствена установа Систина во 2010 година или во друга приватна здравствена установа на територија на град Скопје може по исклучок да се исправи местото на раѓање согласно со Законот за општа управна постапка.

4) Управата за водење на матичните книги, поведува постапка за донесување решение за исправка на местото на раѓање во матичната книга на родените, согласно со ставот 3 на овој член, по поднесено барање од барателот за исправка на населено место на раѓање, кој кон барањето приложува документ за лична идентификација и примерок од изводот од матичната книга на родените за детето кај кое ќе се врши исправка на населеното место на раѓање.

### Член 23

Управата за водење на матичните книги, поведува постапка за донесување на решение за дополнителен упис во матичните книги, согласно со одредбите на членот 22 став 1 од овој закон, по поднесено барање од барателот за дополнителен упис, кој кон барањето приложува документ за лична идентификација и потврда за настанот кој се запишува во матичната книга, со исклучок на дополнителниот упис во матична книга на родени за дете родено во домашни услови, кое се врши согласно со членот 6 од овој закон.

Управата за водење на матичните книги, поведува постапка за донесување на решение за исправка на податоци во матичните книги, согласно со одредбите на членот 22 став 2 од овој закон, врз основа на поднесено барање од барателот кој бара исправка на податокот и приложил документ за идентификација.

Покрај документацијата од ставовите 1 и 2 на овој член, по барање на Управата за водење на матичните книги, барателот доставува и докази и податоци (потврди, уверенија и сл.) од евиденција на странски држави кои се однесуваат на граѓанскиот статус на лицето потребни во текот на постапката, медицински потврди и ДНК отисоци, медицински потврди, како и други докази и податоци кои не постојат во службената евиденција на јавните органи во Република Македонија. ДНК отисоците ќе се бараат исклучиво доколку надлежниот орган не

може да ја утврди роднинската врска меѓу детето и родителите. Управата за водење на матичните книги, по службена должност, по електронски пат ги прибавува сите други докази кои постојат во службените евиденции на јавните органи во Република Македонија.

Управната постапка согласно со одредбите на овој член ја води лице овластено од Директорот на Управата за водење на матичните книги.

Донесување на решението од членот 22 од овој закон се врши во најкус можен рок, не подоцна од 30 дена од денот на приемот на доставеното барање.

Освен кога е изречно забрането со закон, а сложеноста на предметот тоа го оправдува, рокот од ставот 5 на овој член може еднаш да се продолжи најмногу за дополнителни 30 дена.

Рокот од ставот 5 на овој член започнува да тече од денот кога странката го поднела барањето, со сите докази кои требала да ги поднесе.

Странката може да изјави жалба против решението од ставот 5 на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Странката може да се откаже од жалбата до донесувањето на решението од второстепениот орган.

Ако странката се откаже од жалбата, јавниот орган донесува управен акт со кој ја запира постапката и за тоа ја известува странката, која не може да го отповика откажувањето од жалбата.

Формата и содржината на барањето како и начинот на пресметка на реално направените трошоци за прибирање на доказите по службена должност, ги пропишува министерот за дигитална трансформација.

**Член 24**

Матичните книги се заклучуваат и заверуваат на крајот на секоја календарска година.

**Член 25**

Податокот за раѓање, склучување брак или смрт на државјанин на Република Македонија во странство се запишува во матичните книги што се водат на територијата на Република Македонија.

Запишувањето на податоците од ставот 1 на овој член се врши врз основа на извод од матичната евиденција на соодветниот орган во странство. Изводот го поднесува странката, ако со меѓународен договор не е предвидено поинаку.

По исклучок, кога странката не можела да прибави извод од ставот 2 на овој член запишувањето на податокот во матичната книга се врши со решение донесено врз основа на доказите што ги приложува странката.

Покрај документацијата од ставот 2 на овој член, по барање на Управата за водење на матичните книги, барателот доставува и докази и податоци (потврди, уверенија и сл.) од евиденција на странски држави кои се однесуваат на граѓанскиот статус на лицето потребни во текот на постапката, медицински потврди и ДНК отисоци, медицински потврди, како и други докази и податоци кои не постојат во службената евиденција на јавните органи во Република Македонија. ДНК отисоците ќе се бараат исклучиво доколку надлежниот орган не може да ја утврди роднинската врска меѓу детето и родителите. Управата за

водење на матичните книги, по службена должност, по електронски пат ги прибавува сите други докази кои постојат во службените евиденции на јавните органи во Република Македонија.

Управната постапка согласно со одредбите на овој член ја води лице овластено од директорот на Управата за водење на матичните книги.

Донесување на решението од ставот 3 на овој член се врши во најкус можен рок, не подоцна од 30 дена од денот на приемот на доставеното барање.

Освен кога е изречно забрането со Закон, а сложеноста на предметот тоа го оправдува, рокот од ставот 6 на овој член може еднаш да се продолжи најмногу за дополнителни 30 дена.

Рокот од ставот 6 на овој член започнува да тече од денот кога странката го поднела барањето, со сите докази кои требала да ги поднесе.

Странката може да изјави жалба против решението од ставот 3 на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Странката може да се откаже од жалбата до донесувањето на решението од второстепениот орган.

Ако странката се откаже од жалбата, јавниот орган донесува управен акт со кој ја запира постапката и за тоа ја известува странката, која не може да го отповика откажувањето од жалбата.

Формата и содржината на барањето како и начинот на пресметка на реално направените трошоци за прибирање на доказите по службена должност, ги пропишува министерот за дигитална трансформација.

**Член 26**

Кога податокот за раѓање, склучување на брак или смрт на државјанин на Република Македонија во странство се запишува во матичните книги што се водат во Република Македонија, запишувањето се врши:

1) за раѓање – во матичната книга на родените што се води за местото во кое последно живеалиште имале двата или еден од родителите на детето;

2) за склучување на брак – во матичната книга на венчаните која се води за местото во кое последно живеалиште имале двата или еден од брачните другари и

3) за смрт – во матичната книга на умрените која се води за местото на раѓањето на умрениот.

Ако во случаите од ставот 1 точките 1 и 2 на овој член последното живеалиште не може да се утврди, запишувањето ќе се изврши во матичната книга што се води за местото во кое се родени лицата, односно ако тие не се родени во Република Македонија, запишувањето ќе се изврши во матичната книга во град Скопје.

**Член 27**

Податокот за раѓање, односно склучување на брак во странство на лице кое примило државјанство на Република Македонија, по службена должност се запишува во матичната книга на родените, односно венчаните во местото на последното живеалиште или ако лицето нема живеалиште на територијата на Република Македонија, во матичната книга на родените, односно венчаните во град Скопје врз основа на поднесен доказ од матичната евиденција на соодветниот орган во странство.

**Член 28**

Извод од матична книга се издава со последните податоци што се запишани во матичната книга во време на издавањето.

Изводот од матичната книга од ставот 1 на овој член се издава и во Дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Министерот за надворешни работи и надворешна трговија врз основа на претходна согласност на министерот за дигитална трансформација, ќе донесе подзаконски пропис за постапката за издавање и начинот на водењето на евиденција за издадените изводи од матичните книги од страна на дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Подносителот на барањето е должен најмалку 48 часа пред поднесување на писмено барање до Дипломатско конзуларните претставништва, да го извести надлежното лице во Дипломатското конзуларно претставништво за предметното барање.

По поднесување на барањето од страна на подносител до Дипломатско конзуларните претставништво, овластеното лице во Дипломатско конзуларните претставништво, барањето го препраќа по електронски пат до Управата. Овластеното лице од Управата истото електронски го проверува и потврдува.

Уверение што се издава врз основа на матична книга содржи одделни податоци што се запишани во матичната книга.

За извршено запишување во матичната книга може да се издава препис или копија.

**Член 28-а**

Уверение што се издава врз основа на матична книга, содржи одделни податоци што се запишани во матичната книга.

Против уверението од ставот 1 на овој член, странката има право на приговор во рок од осум дена до директорот на Управата за водење на матичните книги.

**Член 28-б**

За извршено запишување во матичната книга може да се издава препис и копија.

**Член 28-в**

Изводите од матична евиденција се издаваат по електронски пат со електронски потпис согласно со закон на физички и правни лица.

Електронскиот потпис се употребува само за апликација на веб страницата преку Управата.

Министерот за дигитална трансформација ќе го пропише начинот на издавање на изводи од матична евиденција со електронски потпис.

**Член 29**

Матичните книги се чуваат, заштитуваат и користат во согласност со закон.

Исправите од членот 28 на овој закон се издаваат на барање на лицето на кое се однесуваат податоците во тие исправи. Исправите се издаваат и на заинтересирано лице, односно правно лице или орган кога за тоа има правен интерес утврден со закон.

Право на увид во матичните книги или во списите и решенијата врз основа на кои се врши запишување во матичните книги има лицето на кое се однесуваат податоците или друго заинтересирано лице ако за тоа има непосреден правен интерес утврден со закон.

**Член 30**

Обновувањето на уништени, оштетени или исчезнати матични книги го врши Управата.

За обновување на матичните книги граѓаните се должни да даваат податоци што им се познати.

**Член 30-а**

Министерот за дигитална трансформација ќе го пропише начинот на водење, заштита и чување на матичните книги и списи; издавање на изводи, уверенија, преписи и копии врз основа на матичните книги; водење на постапка и составување на записник за најдено дете; обновување на уништени, оштетени или исчезнати матични книги, како и за обрасците на матичните книги, регистарот на матичните книги, изводите и уверенијата што се издаваат врз основа на матичните книги.

Министерот за здравство во согласност со министерот за дигитална трансформација ќе донесе подзаконски пропис за образецот на пријавата за раѓање, смрт и потврда за смрт.

**Член 30-б**

Содржината и начинот на водење на матичните книги во електронска форма од членот 3 на овој закон ги пропишува министерот за дигитална трансформација.

**Член 30-в**

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и над работењето на Управата врши Министерството за дигитална трансформација.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 31**

Глоба во износ од 2.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на здравствена установа ако:

1) во пропишаниот рок не го пријави раѓањето на дете (член 7 став 1 во врска со член 6 ставови 1 и 3 од овој закон) и

2) не ја пријави смртта (член 15 став 2).

Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во здравствената установа.

Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во Армијата на Република Македонија и на службеното лице во казнено-поправна установа ако не постапи согласно член 15 став 2 од овој закон.

**Член 32**

Глоба во износ од 30 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако:

1) не го пријави раѓањето на дете во пропишаниот рок (член 7 став 2 во врска со член 6) и

2) не го пријави личното име на дете во пропишаниот рок (член 9 став 1).

Глоба во износ од 200 до 490 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на матичарот кој во матичните книги ќе запише невистинити податоци. (член 20).

**Член 32-а**

За прекршоците од членот 31 став 3 и членот 32 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Управата (во натамошниот текст: Прекршочниот орган).

Прекршочната постапка од ставот 1 на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисијата за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочната комисија), која ја формира директорот.

Прекршочната комисија е составена од претседател и двајца членови и нивни заменици од редот на административните државни службеници во Управата, кои со решение ги определува директорот, за времетраење од две години.

Член на Прекршочната комисија е дипломиран правник со работно искуство од најмалку четири години во струката, а претседателот на Прекршочната комисија е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години во струката.

Начинот на својата работа Прекршочната комисија го уредува со деловник.

Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на Прекршочната комисија, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

**Член 32-б**

За прекршоците од членот 31 ставови 1 и 2 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 33**

Матичните книги што се водени до влегувањето во сила на овој закон, како и изводите и уверенијата што се издадени врз основа на тие матични книги имаат доказна сила на јавни исправи.

**Член 34**

Министерот за внатрешни работи во рок од три месеци од влегувањето во сила на Законот ќе донесе подзаконски прописи за начинот на: водење, заштита и чување на матичните книги и списи; издавање на изводи, уверенија, преписи и копии врз основа на матичните книги; водење на постапка и составување на записник за најдено дете; обновување на уништени, оштетени или исчезнати матични книги, како и за обрасците на матичните книги, регистарот на матичните книги, изводите и уверенијата што се издаваат врз основа на матичните книги.

Министерот за здравство во согласност со министерот за внатрешни работи ќе донесе подзаконски пропис за образецот на пријавата за раѓање, смрт и потврда за смрт, во рок од три месеци од влегувањето во сила на Законот.

До донесувањето на прописите од ставовите 1 и 2 на овој член ќе се применуваат досегашните прописи.

**Член 35**

Со влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Законот за матичните книги („Службен весник на Република Македонија" број 15/73, 20/73, 51/88 и 19/90) и Законот за основните податоци за матичните книги („Службен лист на СФРЈ" број 6/73).

**Член 36**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за матичната евиденција***
***("Служен весник на РМ"бр.38/02)***

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за матичната евиденција***
***("Служен весник на РМ"бр.66/07)***

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за матичната евиденција***
***("Служен весник на РМ"бр.98/08)***

**Член 9**

Управата почнува со работа со денот на именувањето на директорот.

Владата на Република Македонија ќе го именува директорот на Управата во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во рок од 30 дена од денот на именувањето на директорот на Управата, министерот за правда ќе ги донесе актите за организација и систематизација на работните места на Управата, на предлог на директорот на Управата.

**Член 10**

Вработените - матичари од Министерството за внатрешни работи, се преземаат од страна на Управата во рок од 30 дена од денот на донесувањето на актите за организација и систематизација.

**Член 11**

Списите што се употребени во постапката за запишување во матичните книги (пријави за запишување, записници, одлуки и други писмена), деловодникот, архивата, матичните книги и вториот примерок од матичните книги на родените

од Министерството за внатрешни работи, се преземаат од страна на Управата во рок од 90 дена од денот на започнувањето со работа на Управата, согласно со Упатството за начинот на преземање на списите, деловодникот, архивата, матичните книги и вториот примерок од матичните книги на родените, што го донесува министерот за правда во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 12**

Подзаконските прописи од членот 7 на овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на прописите од ставот 1 на овој член ќе се применуваат досегашните прописи.

**Член 13**

Матичните книги што се водени до започнувањето на примената на овој закон ќе продолжат да се водат според Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија" број 8/95, 38/2002 и 66/2007).

**Член 14**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за матичната евиденција***
***("Служен весник на РМ"бр.67/09)***

**Член 5**

Подзаконскиот пропис од членот 2 на овој закон ќе се донесе во рок од шест месеца по неговото влегување во сила.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за дополнување***
***на Законот за матичната евиденција***
***("Служен весник на РМ"бр.13/13)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за матичната евиденција***
***("Служен весник на РМ"бр.43/14)***

**Член 2**

Директорот на Управата именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е избран.

**Член 3**

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за матичната евиденција***
***("Служен весник на РМ"бр.148/15)***

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за матичната евиденција***
***("Служен весник на РМ"бр.27/16)***

**Член 8**

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне со примена на 1 јануари 2017 година.

**ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за матичната евиденција**
**("Служен весник на РМ"бр.64/18)**

**Член 2**

Одредбите од членот 2-а став (4) точка 5) од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија " број 8/95, 38/2002, 66/2007, 98/2008, 67/2009, 13/13, 43/14, 148/15 и 27/16), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 3**

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување***
***на Законот за матичната евиденција***
***("Служен весник на РСМ"бр.14/20)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за матичната евиденција**
**("Служен весник на РСМ"бр.129/23)**

**Член 5**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон за лицата запишани во посебната матична книга на родени согласно со Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени („Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20), соодветно се применуваат одредбите од членовите 7, 8 и 9 од овој закон.

Лицата кои се запишани во посебната матична книга на родените и добиле изводи од посебната матична книга на родените, ќе се запишат во редовната матична книга на родените по службена должност веднаш, а најдоцна во рок од 90 дена од влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Постапките за дополнителен упис започнати пред влегувањето во сила на овој закон, кои правосилно не се завршени, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

**Член 7**

На лицата коишто се пријавиле на јавниот повик и се запишани во Евиденција на неевидентирани лица пријавени на јавниот повик согласно со Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20), по дополнителните проверки, уписот ќе им се изврши најдоцна до 31 декември 2023 година.

Уписот од ставот 1 на овој член по дополнителните проверки, се врши на следниов начин:

1) за пријава доставена од здравствена установа до Управата, за раѓање на дете за кое родителите не поднеле барање за упис по истекот на рокот од 45 дена од денот на раѓањето, Управата без одлагање го известува надлежниот центар за социјална работа по службена должност да го заврши уписот;

2) за пријава на лице од здравствена установа доставена до Управата, за кое не е поднесено барање за упис, Управата по службена должност без одлагање ќе го заврши уписот;

3) за дете/лице кое не е родено во здравствена установа, пријавата за раѓањето на детето/лицето ја доставува здравствен работник кој присуствувал за време на раѓањето или може да го потврди раѓањето, еден или двајцата родители или друго лице кое било присутно на раѓањето или дознало за раѓањето во случаи кога претходните лица не се во можност да го пријават раѓањето или

4) за дете/лице за кое потребните податоци и фактите што се запишуваат во матичната книга на родените не може да се утврдат, уписот може да се изврши со доставување на педијатриска/медицинска потврда за возраста на детето/лицето, картон за вакцинација, изјава под морална, материјална и кривична одговорност од двајца сведоци заверена на нотар или друг надлежен орган, како и приложување на сите исправи со кои располага пријавувачот, а кои се погодни за утврдување на фактите коишто се запишуваат во матичната книга на родени.

Управата по службена должност може да побара дополнителни докази и известувања од други органи на државната управа неопходни за утврдување на фактичката состојба.

За уписот од ставот 2 точка 3) на овој член пријавувачот приложува документ за лична идентификација или изјава од двајца сведоци заверена на нотар, како потврда на идентитетот.

Формата и содржината на образецот на изјавата од ставот 2 точка 4) и ставот 4 на овој член ја пропишува министерот за правда.

**Член 8**

Во постапката за упис од членот 7 од овој закон соодветно се применуваат одредбите од Законот за семејството, кои го уредуваат утврдувањето на татковство, односно мајчинство.

Ако за утврдувањето на татковство, односно мајчинство, неопходно е покренување на судска постапка, Управата го запишува лицето од членот 7 став 1 од овој закон во матичната книга веднаш, со забелешка дека податоците за таткото/мајката не се запишани, а истите се внесуваат во подоцнежна фаза откако ќе заврши судската постапка или по утврдувањето на татковството/мајчинството.

**Член 9**

Ако во постапката за упис од членот 7 од овој закон од доставените и прибраните докази и известувања не може да се утврди денот, месецот и годината на раѓање, како и местото на раѓање на детето/лицето од членот 7 став 1 од овој закон, Управата може да побара изјава заверена на нотар под морална,

материјална и кривична одговорност од еден од родителите и најмалку двајца полнолетни сведоци во времето на раѓањето на детето, државјани на Република Северна Македонија, како и медицинска потврда за утврдување на возраст.

Доколку е позната само годината на раѓање, а денот и месецот на раѓање не може да се утврдат на поинаков начин, како ден и месец на раѓање на детето се запишува првиот ден од првиот месец во годината.

Управата ги запознава лицата од ставот 1 на овој член за последиците и одговорноста за дадената изјава.

Формата и содржината на образецот на изјавата од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот за правда.

**Член 10**

Подзаконски акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 11**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија‟.

***СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.92/2023 ("Службен весник на РСМ" бр.83/24)***

1. СЕ УКИНУВА член 4 став 1 точка 2) во делот „националност‟, член 11 став 1 точка 1) во делот „националноста‟ и член 13 став 1 точка 1) во делот „националноста‟ од Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија‟ број 8/1995, 38/2002, 66/2007, 98/2008, 67/2009, 13/2013, 43/2014, 148/2015, 27/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија‟ број 14/2020 и 129/2023).
2. СЕ СТАВА ВОН СИЛА Решението за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените делови содржани во одредбите на членовите од Законот, означен во точката 1 од оваа одлука.
3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија‟.

**ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за матичната евиденција**
**(‟Служен весник на РСМ‟бр.255/24)**

**Член 14**

Подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат во рок до 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 15**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Управата за водење на матичните книги продолжува да работи како орган во состав на Министерството за дигитална трансформација.

Актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управата за водење на матичните книги ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Вработените во Управата за водење на матичните книги продолжуваат да работат во Министерство за дигитална трансформација – Управа за водење на матичните книги, во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства на Министерството за правда – Управа за водење на матичните книги се преземаат во Министерството за дигитална трансформација – Управа за водење на матичните книги.

**Член 16**

Директорот на Управата за водење на матичните книги ќе се именува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Постојниот директор на Управата за водење на матичните книги, продолжува да ја извршува својата функција сè до именување на нов директор согласно со одредбите од овој закон, а најдолго до истекот на времето за кое е именуван.

**Член 17**

Годишниот план за работа за 2025 година директорот на Управата за водење на матичните книги ќе го достави на одобрување до министерот за дигитална трансформација во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".